Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-1764/3
17.09 2024 год.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И**

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
## НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.26, СО НАМЕНА Г2 – ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РЖАНИЧИНО, БЛОК 6 ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на Трговско друштво за проектирање инженеринг и консалтинг ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје, во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-1764/1 од 04.07.2024 год., за одобрување на Урбанистички проект, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 , 111/23 и 171/24), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.26, СО НАМЕНА Г2 – ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РЖАНИЧИНО, БЛОК 6 ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ** со технички број. **09-04/2024** од **04. 2024** год. изработен од Трговско друштво за проектирање инженеринг и консалтинг ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Трговско друштво за проектирање инженеринг и консалтинг ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје. поднесе барање за одобрување на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.26, СО НАМЕНА Г2 – ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РЖАНИЧИНО, БЛОК 6 ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ** со технички број. 09-04/2024 од 04. 2024 год

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3. Извод од урбанистичка документација

4. Геодетски елаборат

5. Полномошно

6. Податоци информации и мислења од релевантни институции

7. Ревидиран Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со

Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. **09-04/2024** може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-1764/2 од 13.09.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**